**20250531140**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 3/25), министерот за дигитална трансформација донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СТРУКТУРАТА, ГОЛЕМИНАТА И ЛОГОТО НА ОЗНАКАТА ЗА ДОВЕРБА НА КВАЛИФИКУВАНА ДОВЕРЛИВА УСЛУГА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, структурата, големината и логото на ознаката за доверба на квалификувана доверлива услуга (во натамошниот текст: ознаката за доверба).

Член 2

Формата на ознаката за доверба е во облик на катанец, кој во централниот дел на катанецот го содржи знамето на Република Северна Македонија и знакот за точно „✓“.

Референтните бои кои се користат за ознаката за доверба се:

- RGB: црвена - 212 31 38 и жолта - 252 230 45 или
- Pantone (приближно):црвена - 1795 C и жолта - 115 C или
- CMYK: црвена (0% цијан + 85% магента + 82% жолта + 17% црна) и жолта (0% цијан + 9% магента + 82% жолта + 1% црна).

Визуелниот приказ на ознаката за доверба во бои е даден во Прилог бр. 1 и е составен дел на овој правилник.

Ако не е возможно да се користат боите наведени во став 2 на овој член, ознаката за доверба може да биде во црно – бела варијанта, во визуелен приказ кој е даден во Прилог бр. 2 и е составен дел на овој правилник.

Ако ознаката за доверба се користи на темна позадина, може да се користи во негативен формат со употреба на иста боја за позадина, како што е прикажано во Прилозите бр. 1 и 2.

Ако ознаката за доверба се користи во боја на обоена позадина, што го отежнува прегледот на ознаката за доверба, може да се користи гранична надворешна линија околу ознаката за доверба за подобрување на контрастот со боите во позадина.

Член 3

Големината на ознаката за доверба е во зависност од видот на услугата на која се однесува.

Ознаката за доверба има минимална големина доволна да обезбеди зачувување на визуелните атрибути и формата, но нејзината големина не треба да биде помала од 64 × 85 пиксели 150 точки во инч (dpi).

Член 4

Логото на ознаката за доверба е визуелниот приказ на ознаката за доверба во определената форма и структура согласно членот 2 од овој правилник.

Член 5

Ознаката за доверба за квалификувани доверливи услуги се користи на начин што овозможува јасно определување на квалификувани доверливи услуги за кои истата се однесува.

Ознаката за доверба може да биде поврзана со графички или текстуални елементи што јасно укажуваат на квалификуваните доверливи услуги за кои се користи, кои не треба да го менуваат логото на ознаката за доверба, ниту да ја менуваат врската со листата на квалификувани даватели на доверливи услуги.

Член 6

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за формата, структурата, големината и логото на ознаката за доверба на квалификувана доверлива услуга („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 4/20).

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 14-311/3
3 март 2025 година
Скопје

Министер
за дигитална трансформација,
**Стефан Андоновски,** с.р.

Прилог бр. 1





Прилог бр. 2

